РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-523/2
21-11-2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 24 - та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-523/1 од 18.02.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, член 107 став 1 точка 5, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот со број 09-523/1 од 18.02.2019 година.

Предметот со број 09-523/1 од 18.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-523/1 од 18.02.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против Раководител на Сектор во Министерство за труд и социјална политика.

Во пријавата е наведено дека Раководителот на Сектор во Министерство за труд и социјална политика вработила повеќе блиски лица во институцијата во која таа работела.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува, лицето како Раководител на Сектор за правни работи не учествувала и не одлучувала, ниту ја спроведувала постапката за вработување за да можела да влијае при донесувањето на одлуките за избор, а со оглед на тоа дека вработувањата се случиле во период 2007 од 2014 година, согласно член 107 став 1 точка 5 од КЗ Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување бидејќи делото е застарено.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
Претседател,
Билјана Ивановска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk